**20091462968**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08) и член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА И ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ПРЕВОЗ И НАБАВКА НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на обрасците на барањата и одобренијата за превоз на експлозивни материи и барањата и одобренијата за набавка на експлозивни материи.

Член 2

Во смисла на овој правилник, под барања и одобренија за превоз на експлозивни материи и барања и одобренија за набавка на експлозивни материи се подразбира:

1. Барање за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при увоз и одобрение за превоз на експлозивни материи при увоз;
2. Барање за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз и одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз;
3. Барање за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит и одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит и
4. Барање за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи при увоз и одобрение за набавка на експлозивни материи при увоз.

Член 3

(1) Барањето за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при увоз и одобрението за превоз на експлозивни материи при увоз се издаваат на обрасците бр. 1 и бр. 2 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Барањето и одобрението од став (1) на овој член се издаваат на бела хартија на А4 формат.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци за: ЕДБ на увозникот, односно примачот; името и адресата на увозникот, односно примачот; земјата на поаѓање (извоз), како и земјата на намена; број на претходно одобрение; назив, адреса, град и земја на испраќачот, односно извозникот; влезен граничен премин; податоци за превозникот - назив, адреса, град, земја; име и презиме, адреса, број на пасош и националност на возачот; вид на транспорт, идентитет и националност на транспортното средство, релација, број на ADR дозвола за возач и за возило; опис на стоката – тарифна ознака, опис на тарифната ознака, трговски опис, вид (тип), категорија, марка, калибар, количина, производител, адреса и земја на производство на експлозитвните материи.

(4) Во горниот десен агол на одобрението од став (1) на овој член отпечатен е референтниот број на одобрението (Реф. бр. 1034), а под него, во горниот лев агол отпечатен е грбот на Република Македонија и веднаш под него зборовите: „Република Македонија“, „Министерство за внатрешни работи“, „Биро за јавна безбедност“, „Централни полициски служби“, „Оддел за граѓански работи“, „Одделение за оружје,

експлозивни и опасни материи“. Под истите се наоѓаат податоци за референтниот број, датумот и местото на издавање на одобрението. Одобрението за превоз на експлозивни материи при увоз содржи податоци за: примачот, односно увозникот, и тоа неговиот назив и ЕДБ, адреса, град и земја; испраќачот, односно извозникот и тоа адреса, град и земја; земјата на поаѓање, односно извоз, како и за земјата на намена, односно увоз; превозникот и тоа назив, град и земја, име и презиме, број на пасош и број на ADR дозвола за возач; вид на транспорт, идентитет транспортното средство и број на ADR дозвола за возилото, опис на стоката – тарифна ознака, вид (тип), количина, производител и земја; мерки за безбедност при превозот, рок на важење на одобрението, образложение за одобрението, место за печат и потпис на овластеното лице. Во долниот дел, одобрението содржи податоци за датумот на креирање, датумот на промена, статусот, подносителот и операторот на одобрението.

Член 4

(1) Барањето за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз и одобрението за превоз на експлозивни материи при извоз се издаваат на обрасците бр. 3 и бр. 4 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Барањето и одобрението од став (1) на овој член се издаваат на бела хартија на А4 формат.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци за: ЕДБ и име и адреса на испраќачот, извозникот, односно генералниот застапник; земјата на поаѓање (извоз), како и земјата на намена; назив, адреса и град на увозникот, односно примачот; излезен граничен премин; податоци за превозникот - назив, адреса, град, земја; име и презиме, адреса, број на пасош и националност на возачот; шифра на земја; вид на транспорт, идентитет и националност на транспортното средство, релација; број на Договор за end user; број на ADR дозвола за возач и за возило; опис на стоката – тарифна ознака, опис на тарифната ознака, трговски опис, вид (тип), категорија, марка, калибар, количина, производител, адреса и земја на производство на експлозитвните материи.

(4) Во горниот десен агол на образецот на одобрението од став (1) на овој член отпечатен е референтниот број на одобрението (Реф. бр. Е 024), а под него, во горниот лев агол отпечатен е грбот на Република Македонија и веднаш под него зборовите: „Република Македонија“, „Министерство за внатрешни работи“, „Биро за јавна безбедност“, „Централни полициски служби“, „Оддел за граѓански работи“, „Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи“.Под истите се наоѓаат податоци за референтниот број, датумот и местото на издавање на одобрението. Одобрението за превоз на експлозивни материи при извоз содржи податоци за: испраќачот, односно извозникот и тоа за неговиот назив, ЕДБ, адреса, град и земја; примачот, односно увозникот, и тоа за неговиот назив, адреса, град и земја; земјата на поаѓање, односно извоз, како и за земјата на намена, односно увоз; излезен граничен премин-релација; податоци за превозникот и тоа назив, град и земја; име и презиме, број на пасош и број на ADR дозвола за возач; вид на транспорт, идентитет транспортното средство и број на ADR дозвола за возилото, опис на стоката – тарифна ознака, вид (тип), количина, производител и земја; мерки за безбедност при превозот, рок на важење на одобрението, образложение за одобрението, место за печат и потпис на овластеното лице. Во долниот дел, одобрението содржи податоци за датумот на креирање, датумот на промена, статусот, подносителот и операторот на одобрението.

Член 5

(1) Барањето за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит и одобрението за превоз на експлозивни материи при транзит се издаваат на обрасците бр. 5 и бр. 6 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Барањето и одобрението од став (1) на овој член се издаваат на бела хартија на А4 формат.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци за: ЕДБ и име и адреса на генералниот застапник; земјата на поаѓање (извоз), како и земјата на намена; назив, адреса, град и земја на испраќачот, односно извозникот; назив, адреса, град и земја на увозникот, примачот, односно генералниот застапник; влезен и излезен граничен премин; податоци за превозникот - назив, адреса, град, земја; име и презиме, адреса, број на пасош и националност на возачот; шифра на земја; вид на транспорт, идентитет и националност на транспортното средство, релација; број на ADR дозвола за возач и за возило; број на договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи при транзит; опис на стоката – тарифна ознака, опис на тарифната ознака, трговски опис, количина, категорија, вид (тип), марка, калибар, земја на потекло, производител, адреса и земја на производство на експлозитвните материи.

(4) Во горниот десен агол на образецот на одобрението од став (1) на овој член отпечатен е референтниот број на одобрението (Реф. бр. Т 005), а под него, во горниот лев агол отпечатен е грбот на Република Македонија и веднаш под него зборовите: „Република Македонија“, „Министерство за внатрешни работи“, „Биро за јавна безбедност“, „Централни полициски служби“, „Оддел за граѓански работи“, „Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи“.Под истите се наоѓаат податоци за референтниот број, датумот и местото на издавање на одобрението. Одобрението за превоз на експлозивни материи при извоз содржи податоци за: генералниот застапник и тоа за неговиот назив, ЕДБ, адреса, град и земја; земјата на поаѓање (извоз), како и земјата на намена (увоз); испраќачот, односно извозникот, и тоа за неговиот назив, адреса, град и земја; примачот, односно увозникот, и тоа за неговиот назив, адреса, град и земја; влезен граничен премин-релација и излезен граничен премин; податоци за превозникот и тоа назив, град и земја; име и презиме, број на пасош и број на ADR дозвола за возач; вид на транспорт, идентитет транспортното средство и број на ADR дозвола за возилото, опис на стоката – тарифна ознака, вид (тип), количина, производител и земја; мерки за безбедност при превозот, рок на важење на одобрението, образложение за одобрението, место за печат и потпис на овластеното лице. Во долниот дел, одобрението содржи податоци за датумот на креирање, датумот на промена, статусот, подносителот и операторот на одобрението.

Член 6

(1) Барањето за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи при увоз и одобрението за набавка на експлозивни материи при увоз се издаваат на обрасците бр. 7 и бр. 8 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Барањето и одобрението од став (1) на овој член се издаваат на бела хартија на А4 формат.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци за: единствениот даночен број (во натамошниот текст: ЕДБ) на увозникот, примачот, односно генералниот застапник; името и адресата на увозникот, примачот, односно генералниот застапник; земјата на поаѓање (извоз), како и земјата на намена; назив, адреса, град и земја на испраќачот, односно извозникот; број на договор или друг документ за количина на експлозивни материи; опис на стоката – тарифна ознака, опис на тарифната ознака, трговски опис, количина, вид (тип), категорија, производител, адреса и земја на производство на експлозитвните материи.

(4) Во горниот десен агол на одобрението од став (1) на овој член отпечатен е референтниот број на одобрението (Реф. бр. 1033), а под него, во горниот лев агол отпечатен е грбот на Република Македонија и веднаш под него зборовите: „Република Македонија“, „Министерство за внатрешни работи“, „Биро за јавна безбедност“, „Централни полициски служби“, „Оддел за граѓански работи“, „Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи“. Под истите се наоѓаат податоци за референтниот број, датумот и местото на издавање на одобрението. Одобрението за набавка (трансфер) на експлозивни материи при увоз содржи податоци за: примачот, односно увозникот, и тоа неговиот назив и ЕДБ, адреса, град и земја; испраќачот, односно извозникот и тоа адреса, град и земја; земјата на поаѓање, односно извоз, како и за земјата на намена, односно увоз; опис на стоката – тарифна ознака, вид (тип), количина, производител и земја; рок на важење на одобрението, образложение за одобрението, место за печат и потпис на овластеното лице. Во долниот дел, одобрението содржи податоци за датумот на креирање, датумот на промена, статусот, подносителот и операторот на одобрението.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 141-76510/1
23 ноември 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

**Образец бр. 1**

*БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ*

| | |
|---|---|
| ЕДБ на Увозник/ Примач: | ... |
| Име и адреса: | |
| Земја на поаѓање/извоз: | |
| Земја на намена: | |
| Бр. на претх. Одобрение: | |
| Испраќач/Извозник: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |
| Влезен ГП: | |
| *ПРЕВОЗОТ ГО ВРШИ:* | |
| Превозник: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |
| Име и презиме на возачот: | |
| Адреса: | |
| Број на пасош: | |
| Националност на возачот: | |
| Вид на транспорт: | |
| Идентитет на транспорт: | |
| Националност на транспорт: | |
| Релација: | |
| Број на ADR дозвола(возач): | |
| Број на ADR дозвола(возило): | |

*Опис на стоката*

| | |
|---|---|
| Тарифна ознака: | ... |
| Опис на тарифна ознака: | |
| Трговски опис: | |
| Вид(тип): | |
| Категорија: | |
| Марка: | |
| Калибар (мм): | |
| Количина во ЕМ: | |
| Производител: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |

**Образец бр. 2**

**Реф.бр. 1034**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Централни полициски служби
Оддел за граѓански работи
Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи

Референтен број на лиценца
Датум на издавање на одобрението
Место на издавање на одобрението

Врз основа на членовите 29 и 31 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ" бр.4/78, 51/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.12/93, 66/07 и 84/08), член 42 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07) и член 205 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05 и 110/08) се издава

ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ

ПРЕВОЗОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ СЕ ВРШИ ПОМЕЃУ:

Примач/увозник: со ЕДБ:
Адреса:
Град:
Земја:

Испраќач/извозник:
Адреса:
Град:
Земја:

Земја на поаѓање/извоз:
Земја на намена/увоз:
Влезен ГП-релација:

Превозник:
Град:
Земја:

Име и презиме на возач:
Број на пасош:
АДР дозвола на возач.

Вид транспорт:
Идентитет на транспортно средство:
АДР дозвопа нз возилото:

Одобрението се издава за:

| Тарифна ознака: | Вид/тип: | Количина во ЕМ: | Производител: | Земја: |
|---|---|---|---|---|

Мерки за безбедност при превоз:

Одобрението се издава со рок на важење до 3 месеци, но не повеќе од рокот на важност на претходно издаденото одобрение за набавка.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Примачот/увозникот/генералниот застапник:
на ден поднесе барање под број за издавање одобрение за превоз на експпозивни материи при увоз.
Одобрението за превоз на експлозивни материи при увоз, се издава врз основа претходно добиено одобрение за набавка на експлозивни материи при увоз, издадено од Министерството за внатрешни работи на Република македонија, заведено под (референтен број на одобрението) бр.
Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, постапувајќи по поднесеното барање. утврди дека не постојат пречки за реализирање на превозот на експлозивни материи при увоз, заради што одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.
Такса по Тарифен број 22 став 2 од Законот за административните такси во износ од 600 денари е уредно платена.

М.П. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

Датум на креирање: Датум на ПРОМЕНА: Статус на: Подносител: Оператор:

**Образец бр. 3**

*БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ИЗВОЗ*

| | |
|---|---|
| ЕДБ на Испраќач/Извозник/ГЗ: | ... |
| Име и адреса: | |
| Земја на поаѓање/извоз: | |
| Земја на намена: | |
| Увозник/Примач: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Излезен ГП: | |
| *ПРЕВОЗОТ ГО ВРШИ* | |
| Превозник: | |
| Адреса: | |
| Град,Земја: | |
| Земја: | |
| Име и презиме на возачот: | |
| Адреса: | |
| Број на пасош: | |
| *Националност на возачот* | |
| Шифра на земја: | |
| Вид на транспорт: | |
| Идентитет на транс. средство: | |
| Нац. на транспортното средство: | |
| Релација: | |
| Бр. на Договор за end user: | |
| Број на ADR дозвола(возач): | |
| Број на ADR дозвола(возило): | |

*Прилог 1: Договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи или потврда, сертификат за краен корисник - end user*

*Опис на стоката*

| | |
|---|---|
| Тарифна ознака: | ... |
| Опис на тарифна ознака: | |
| Трговски опис: | |
| Вид(тип): | |
| Категорија: | |
| Марка: | |
| Калибар (мм): | |
| Количина во ЕМ: | |
| Производител: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |

**Образец бр. 4**
**Реф. бр. Е024**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Централни полициски служби
Оддел за граѓански работи
Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи

Референтен број на лиценца
Датум на издавање на одобрението
Место на издавање на одобрението

Врз основа на членовите 29 и 31 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ" бр.4/78, 51/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.12/93, 66/07 и 84/08), член 42 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07) и член 205 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05 и 110/08) се издава

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ИЗВОЗ

ПРЕВОЗОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ СЕ ВРШИ ПОМЕЃУ:

Испраќач / извозник: со ЕДБ:
Адреса:
Град:
Земја:

Примзч / увозник:
Адреса:
Град:
Земја:

Земја на поаѓање/извоз:

Земја на намена/увоз:

Излезен ГП-релација:

Превозник:
Град.
ЗемЈа:

Име и презиме на возач:
Број на пасош:
АДР дозвола на возач:

Вид транспорт:
Идентитет на транспортно средство:
АДР дозвола на возилото:

Одобрението се издава за:

| Тарифна ознака: | Вид/тип: | Количина во ЕМ: | Производител: | Земја: |
| --- | --- | --- | --- | --- |

Мерки за безбедност при превоз:

Одобрението се издава со рок на важење до 3 месеци, но не повеќе од рокот на важност на претходно издаденото одобрение за пренесување (трансфер).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Испраќачот/извозник/генерален застапник
на ден поднесе барање под број за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз.
Кон барањето е доставено (потврда-сертификат за краен корисник-end user)
Министерството за внатрешни работа на Република Македонија постапувајќи по поднесеното барање, утврди дека не постојат пречки за реализирање на превозот на експлозивни материи при извоз заради што одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.
Такса по Тарифен број 22 став 2 од Законот за административните такси во износ од 600 денари е уредно платена.

М.П. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

Датум на креирање: Датум на ПРОМЕНА: Статус на: Подносител: Оператор:

**Образец бр. 5**

*БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВН МАТЕРИИ ПРИ ТРАНЗИТ*

| | |
|---|---|
| ЕДБ на Генерален застапник: | ... |
| Име и адреса: | |
| Земја на поаѓање/извоз: | |
| Земја на намена: | |
| *ПРЕВОЗОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ТРАНЗИТ СЕ ВРШИ ПОМЕЃУ :* | |
| Испраќач/Извозник: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |
| Увозник/ Примач/ГЗ: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |
| Влезен ГП: | |
| Излезен ГП: | |
| *ПРЕВОЗОТ ГО ВРШИ* | |
| Превозник: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |
| Име и презиме на возачот: | |
| Адреса: | |
| Број на пасош: | |
| *Националност на возачот* | |
| Шифра на земја: | |
| Вид на транспорт: | |
| Идентитет на транс. средство: | |
| Националност на транс.средство: | |
| Релација: | |
| Број на ADR дозвола(возач): | |
| Број на ADR дозвола(возило): | |

*Број на договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи (ЕМ) при транзит:*

:

*Прилог 1: Договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи или потврда, сертификат за краен корисник - end user*

*Опис на стоката*

| | |
|---|---|
| Тарифна ознака: | ... |
| Опис на тарифна ознака: | |
| Трговски опис: | |
| Количина во ЕМ: | |
| Категорија: | |
| Вид(тип): | |
| Марка: | |
| Калибар (мм): | |
| Земја на потекло: | |
| Производител: | |
| Адреса: | |
| Град: | |
| Земја: | |

**Образец бр. 6**

**Реф.бр. Т005**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ** РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Централни полициски служби
Оддел за граѓански работи
Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи

Референтен број на лиценца
Датум на издавање на одобрението
Место на издавање на одобрението

Врз основа на членовите 29 и 31 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ" бр.4/78, 51/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.12/93, 66/07 и 84/08), член 42 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07), член 205 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05 и 110/08) и одредбите од Законо**т** за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04. 128/06, 63/07, 88/08, 159/08 и 20/09) се издава

ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ТРАНЗИТ

ПРЕВОЗОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ТРАНЗИТ ГО ВРШИ

Генерален застапник: со ЕДБ
Адреса:
Град:
Земја:
Земја на поаѓање/извоз:
Земја на намена/увоз:

ПРЕВОЗОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ ТРАНЗИТ СЕ ВРШИ ПОМЕЃУ:

Испраќач/извозник:
Адреса:
Град:
Земја:

Примач/увозник:
Адреса:
Град:
Земја:

Влезен ГП:
Релација:
Излезен ГП:
Превозник:
Грзд:
Земја:

Име и презиме на возач:
Број нз пасош:

АДР дозвола иа возач:

Вид транспорт:
Идентитет на транспортно средство:
АДР дозвола на возилото:

Одобрението се издава за.

| Тарифна ознака: | Вид/тип: | Количина во ЕМ: | Производител: | Земја: |
|---|---|---|---|---|

Мерки за безбедност при превоз:

Одобрението се издава со рок на важење до 3 месеци, но не повеќе од рокот на важност на претходно издаденото одобрение за пренесување (трансфер).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Генералниот застапник
на ден поднесе барање под број за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит,
Кон барањето е доставено (договор или друг документ за договорената количина или потврда-сертификат за краен корисник-end user)
Министерството за внатрешни работк на Република Македонија, постапувајќи по поднесеното барање и спроведената постапка, утврди дека не постојат пречки за реализирање на превозот на експлозивни материи при транзит, заради што одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.
Такса по Тарифен број 22 став 2 од Законот за административните такси во износ од 600 денари е уредно платена.

М.П. ОВЛАСТЕНОЛИЦЕ

Датум на креирање: Датум на промена: Статус на: Подносител: Оператор:

**Образец бр. 7**

*БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВКА НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ*

ЕДБ на Увозник/ Примач/ГЗ:

Име и адреса:

Земја на поаѓање/извоз:

Земја на намена:

*НАБАВКАТА СЕ ВРШИ ПОМЕЃУ*

ЕДБ на Увозник/ Примач/ГЗ:

Име и адреса:

Испраќач/Извозник:

Адреса:

Град:

Земја:

*Број на договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи (ЕМ):*

:

*Прилог 1: Договор или друг документ за договорена количина на експлозивни материи*

*Опис на стоката*

Тарифна ознака:

Опис на тарифна ознака:

Трговски опис:

Количина во ЕМ:

Вид(тип):

Категорија:

Производител:

Адреса:

Земја:

**Образец бр. 8**

**Реф.бр. 1033**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**
Централни полициски служби
Оддел за граѓански работи
Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи

Референтен број на лиценца
Датум на издавање на одобрението
Место на издавање на одобрението

Врз основа на член 15 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ" бр. 30/85, 6/89 и 53/91 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/93, 66/07 и 86/08), член 36 од Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на СРМ" бр. 4/78, 51/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/93, 66/07 и 84/08), член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), одредбите од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08 и 20/09) и Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Службен весник на Република Македонија" бр. 167/08), се издава

ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВКА (ТРАНСФЕР) НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ

СЕ ОДОБРУВА НАБАВКА НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ПРИ УВОЗ ПОМЕЃУ:

Примач/увозник: со ЕДБ:
Адреса:
Град:
Земја:

Испраќач/извозник:
Адреса:
Град:
Земја:

Земја на поаѓање/извоз:
Земја на намена/увоз:

Одобрението се издава за:

Тарифна ознака: Вид/тип: Количина во ЕМ: Производител: Земја:

Одобрението се издава со рок на важење до 6 месеци од датумот на одобрување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Примачот/увозникот/генерапниот застапник:
на ден поднесе барање под број за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи при увоз.
Кон барањето е доставено (договор или друг документ за договорената копичина на експлозивни материи).
Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, постапувајќи по поднесеното барање, утврди дека не постојат пречки за реализирање на набавката на експлозивни материи при увоз, заради што одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.
Такса по Тарифен бро] 22 став 1 од Законот за административните такси во износ од 600 денари е уредно платена.

М.П. ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

Датум на креирање: Датум на ПРОМЕНА: Статус на: Подносител: Оператор: